БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 05/0202
16.01 2026 год.
СКОПЈЕ

**БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**NORTH MACEDONIA WRESTLING FEDERATION**
**Ul. 1732, nr.4, 1000 Skopje, Macedonia, Contact tel: +389 75 506644**
**www.bfrsm.mk, Email: mkd@unitedworldwrestling.org**

**ЗАПИСНИК**
**ОД ОДРЖАН СОСТАНОК НА РЕГИСТРАЦИОНА КОМИСИЈА НА БФСМ, ОДРЖАН НА ДЕН 16.01.2026 ГОД. (ПЕТОК) во канцеларија на БФСМ-Скопје со почеток во 09:00 часот**

Регистрациона комисија на БФСМ на ден 16.01.2026 година (петок), во состав:Димитар Јованов (Претседател), Јован Ѓоргевиќ-член, Сали Бела-член, одржа состанок во канцеларијата на БФСМ во Скопје и ги разгледа сите пристигнати барања до регистрациона комисија од Боречките клубови за пререгистрација на нивните членови до БФСМ од 15.12.2025 година, до 15.01.2026 година и пристигнати барања од борачи за премин во друг клуб од 15.12.2025 година до 30.12.2025 година.

Комисијата констатира дека барањата до регистрациона комисија за пререгистрација и регистрација за 2026 година, кои се формално исправни согласно член 7, 10 и 22 од ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА БОРЕЧКИТЕ КЛУБОВИ И НИВНИТЕ ЧЛЕНОВИ ВО БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА С.МАКЕДОНИЈА, имаат доставено следниве Боречки клубови: БК Балканец 2008, БК Лирија 2010, БК Бучим Радовиш, БК Чаир, БК Спартак, БК Шкупи, БК Вардар 1961, БК Студеничани, БК Борец, БК Неготино, БК Бучим Шампиони, БК Киро Ристов, БК 7 Мај, БК Ревија,БК Аждер, БК Работнички, БК Карбинци и БК Вардар.

Комисијата констатира дека не може да се изврши пререгистрација и регистрација на борачи од БК Тефејуз согласно нивниот доставен допис (Барањето не е формално исправно) до регистрациона комисија кој не е во согласност член 22 од правилникот за пререгистрација и регистрација за натпреварувачка 2026 година. поради тоа не може да се изврши пререгистрација и регистрација на нивните борачи за натпреварувачка 2026 година.

**Регистрациона комисија ги разгледа и сите пристигнати три (3) барања од борачи за премин во друг клуб и тоа:**

| **Ред. бр** | **Име и презиме** | **Член на БК** | **Барање за БК** | **Датум на подонсување** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Марио Анинев | Бучим Рад. | Балканец 2008 | 24.12.2025 | Упл. 15 000 ден. |
| **2.** | Филип Тодоров | Чаир | Балканец 2008 | 25.12.2025 | Упл. 15 000 ден. |
| **3.** | Магомедгаци Нуров | Вардар | Вардар 1961 | 25.12.2025 | Упл. 15 000 ден. |

**Поднесените барања на борачи за премин во друг клуб кој ги доставија до комисијата се во согласност член 23 од Правилникот и ќе им бидат изготвени натпреварувачки картички за клуб за кој се поднесени барањата за натпреварувачка 2026 година.**

**16.01.2026 год.**

**Регистрациона комисија**
**Претседател**
**Димитар Јованов**